Република Северна Македонија

Министерство за одбрана

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на активностите согласно оперативните планови за 2023 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност “ 2020 – 2025, стратегиска рамка**

**Март, 2024 година**

**СОДРЖИНА:**

**I. ВОВЕДЕН ДЕЛ** ..... 4

**II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА** ..... 5

**II.1. Стратегиска цел 1 Лидерство - Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и мажите.** ..... 5
Министерство за одбрана ..... 5
Министерство за внатрешни работи ..... 8
Министерство за надворешни работи ..... 9
Министерство за труд и социјална политика ..... 9
Министерство за финансии ..... 9

**II.2. Стратегиска цел 2 Вклученост - Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности за жените и за мажите** ..... 10
Министерство за одбрана ..... 10
Министерство за труд и социјална политика ..... 12

**II.3. Стратегиска цел 3 Олеснување - Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.** ..... 13
Министерство за одбрана ..... 13
Министерство за внатрешни работи ..... 14
Министерство за труд и социјална политика ..... 14
Министерство за финансии ..... 14
Центар за управување со кризи ..... 15

**II.4. Стратегиска цел 4 Заштита - Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите.** ..... 15
Министерство за одбрана ..... 15
Министерство за внатрешни работи ..... 16
Министерство за надворешни работи ..... 18
Министерство за труд и социјална политика ..... 18
Министерство за правда ..... 18

**II.5. Стратегиска цел 5 Комуникација, образование и обука - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата „Жени, мир и безбедност “** ..... 19
Министерство за одбрана ..... 19
Министерство за внатрешни работи ..... 22
Министерство за надворешни работи ..... 24

Министерство за труд и социјална политика ........................................................................ 25
Министерство за образование и наука ................................................................................ 25
Министерство за правда ..................................................................................................... 26
Дирекција за заштита и спасување ..................................................................................... 26
Центар за управување со кризи .......................................................................................... 27
Здружение на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) ................................................ 27

**III. ЗАКЛУЧОК** ................................................................................................................. 27

**IV. ПРЕДИЗВИЦИ** .............................................................................................................. 28

**V. ПРЕПОРАКИ** ................................................................................................................ 28

**ПРИЛОЗИ:**

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени по институции во 2023 година ........................................................................................ 30

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени на раководни позиции по институции во 2023 година ................................................................ 31

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на активностите согласно оперативните планови за 2023 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност “ 2020 – 2025, стратегиска рамка**

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Работната група за координација, мониторинг и евалуација за имплеменатција на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025-стратегиска рамка (РГ за КМиЕ) која што е задолжена да спроведува координација со институциите на национално и локално ниво со цел верификација, хармонизација и поддршка, како и да врши мониторинг и евалуација, сублимирање на извештаи од задолжените институции го изработи Третиот годишен извештај за степенот на реализација на оперативните планови за имплементација на Вториот НАП за 2023 година.

РГ на КМиЕ во мај 2023 година одржа состанок со претставници од задолжените институции на национално ниво, за подобрување на меѓу инстутиционалната комуникација, изработка на годишни оперативни планови за 2023 година за имплементација на Вториот НАП, утврдување на динамиката за нивна реализација во наредниот период, за соочување со предизвиците при спроведување на активностите од предметната област, одржување на контакт и достапност помеѓу членовите на РГ за КМиЕ и одредените лица-претставници од задолжените институцаии, како и координација и поддршка за активностите.

При тоа, изработен е шестмесечен извештај за 2023 година за постигнатите резултатите за имплементацијата на Вториот НАП, кој што беше доставен до интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија, за брифирање по однос на истиот.

Од Европската комисија дбиени се позитивни оценки за вклученоста на Северна Македонија во заедничката безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија.

Имено, Европската Комисија во објавениот извештај за Северна Македонија за 2023 година, во поглавјето 31 посветено на надворешната, безбедносна и одбранбена политика нотира добро ниво на подготвеност и добар напредок во однос на усогласувањето на земјата со надворешната и безбедносната политика на Европската Унијата.

Како позитивен пример Европската Унијата го посочува и приоретизирањето на заштитата на човековите права, климата, справувањето со насилниот екстремизам и имплементацијата на резолуциите за жени, мир и безбедност кои ја промовираат улогата на жените и ја засилуваат улогата на младите во општеството. „Вториот Национален план за имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1325 е мониториран

од работна група која го објави својот втор извештај во април 2023 година", се вели во извештајот, а носител на овој Национален план во државата е Министерството за одбрана.

## II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

Вториот Национален акциски план за Резолуцијата на ОН 1325 -Жени, мир и безбедност, се имплементира согласно активностите проектирани во оперативните планови за 2023 година од страна на задолжените институции а во насока на исполнување на 5-те стратегиски цели дефинирани во Вториот НАП:

1. Лидерство,
2. Вклученост,
3. Олеснување,
4. Заштита, и
5. Координација, образование и обука,

**II.1. Стратегиска цел 1 Лидерство-**Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

Во текот на 2023 година беа реализрани настани и активности кои што беа во насока на исполнување на првата стратегиска цел во Министерството за одбрана и Армијата.

**Во делот на специфична стратешка цел 1.1–**Зголемување на бројот на жените на лидерски позиции во одбраната, реализирани се активности кои што покажуваат резултати на зголемено учество на жените на лидерски позиции во одбраната, надминати стереотипи и предрасуди, како и имплементација на родовиот принцип во системот за развој на кариерата на лидерите, а позначајни се следните активности:

**-**Прва регионална панел-дискусија на клучни лидери од Западен Балкан, организрана во месец јуни 2023 година во Белград, Србија од страна на UNDP/SEESAC.
Истата овозможи регионална размена на знаења и споделување информации за напредокот со агендата за родова еднаквост во министерствата за одбрана и вооружените сили во Западен Балкан. Оваа регионална панел-дискусија се надоврзува на дискусиите и иницијативите од прввиот регионален состанок на родови советници и координатори одржан во март 2023 година во Будва и резултатите постигнати од 2012 година кога проектот беше initiated во партнерство со министерствата за одбрана и вооружените сили во Босна. и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

Регионалната панел-дискусија вклучуваше единаесет претставници/-чки од наведените земји, лидери кои ја завршија Програмата за родово менторирање/коучинг (Gender Couch Program), како и родови советници и родови координатори во министерствата за одбрана и вооружените сили во Западен Балкан. Двајца претставници од МО земаа учество на оваа активност.
Финансиските трошоци за спроведената активност беа на товар на UNDP/SEESAC.

Жените придонесуваат кон лидерството со различни и значајни вештини.
Министерството за одбрана е дел од општеството во кое може ефективно и во целост да го искористи лидерскиот потенцијал и капацитетите со вклучување на жените, а посебно можноста за заземање на лидерските позиции во институцијата, односно во сите пори во нашето општество. Не заборавен е фактот дека жените-лидери и нивните специфични вештини низ историјата биле помалку ценети и прифатени од оние на мажите, но тие практики полека но сигурно се губат.
Како доказ за наведното е фактот дека во Министерството за одбрана каде што највисоката позиција ја има Министерката за одбрана-Славјанка Петровска, која што со свој личен пример покажува и придонесува на жените да се гледа од аспект на квалитет, како жени лидери и жени донесувачи на одлуки, а не само како бројка или процент.

Министерката за одбрана Славјанка Петровска на покана на г-ѓа Ирене Фелин, специјалната претставничка за Жени, мир и безбедност во НАТО, зема учество на настанот „High-Level Women's Breakfast" кој во рамки на НАТО Самитот којшто се реализираше во јули 2023 г. во Вилнус, Литванија. На настанот присуствуваа 13 од вкупно 19 жени министерки за одбрана и надворешни работи заедно со други жени од цивилното општество чија што заедничка цел беше да изразат подрршката на женското лидерство.

Исто така, Министерката за одбрана Славјанка Петровска учествуваше на дво-дневна „Конференција за родова еднаквост и родова перспектива“ во организација на постојаната мисија на Северна Македонија при ОБСЕ, во Тетово, Република Северна Македонија.

Министерката се обрати на првата работна сесија во рамките на конференцијата посветена на „Жени, мир и безбедност: зацврстување на вклученоста и лидерството на жените за инклузивно градење на мирот и менаџирање на конфликти“, на која се осврна на унапредувањето на вклученоста и лидерството на жените во градењето на мирот и менаџирањето на конфликтите, начините за надминување на бариерите во вклучувањето на женската перспектива во превенцијата на конфликтите, кризниот менаџмент и активностите за окончување на конфликти.При тоа таа укажа и порача дека без придонесот на жените не е можен одржлив мир и безбедност, а на тоа повикува и Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност.

Министерките за одбрана на Северна Македонија, Славјанка Петровска и на Португалија, Марија Хелена Кареирас во септември 2023 година во Скопје го потпишаа првиот Договор за билатерална соработка во одбраната помеѓу двете земји со цел да се интензивира

македонско-португалската одбранбена соработка, како камен-темелник на развојот на билатералните односи и зацврстување на колективната одбрана во НАТО.

Со договорот беа опфатени области од доменот на безбедносната политика, мировните операции, заедничката обука и едукација, како и активностите за заштитата на животната средина, а дел од договорот се и родовите прашања во одбраната и безбедноста.

„Како жени лидери во одбраната ја разбираме потребата за целосно вклучување на потенцијалот на жените во областа на безбедноста – но, не како бројка, туку како можност за додадена вредност и квалитет во актуелната безбедносна архитектура“, потенцираше министерката за одбрана Петровска.

**Во специфична стратешка цел 1.2–**Зголемување на бројот на жените лидери во мировни мисии, регионални и меѓународни организации и одбранбено дипломатските претставништва, беа реализрани следните позначајни активности:

Министерството за одбрана во последните две децении континуирано упатува персонал во меѓународни мисии и други меѓународни организации во странство, а при планирање на мисиите и при донесување на одлуки ја зема предвид и родовата структура.

Процентот на жени-воен персонал од Армијата кои се упатени во меѓународни мировни мисии надвор од Република Северна Македонија во 2023 година изнесува 4,62% и по втор пат (после 2022 година) жена офицер е упатена на должност командир на вод во македонски контингент кој што е упатен во мисија.

Во долу наведената табела се прикажани проценти на упатени жени од Армијата на Република Северна Македонија во меѓународни мисисии во период од 2021 до 2023г., при што може да се воочи дека процентите варираат а тоа е резултат на повеќе фактори (како на пример: завршување на времетраењето на дел од меѓународните мисисии, промена на вкупна бројка на персонал кој што учествува во меѓународните мисисии и сл.)

| Упатен персонал од Армијата во меѓународни мисии | 2021г. | 2022г. | 2023г. |
|---|---|---|---|
| жени | 6,5% | 2,78% | 4,62% |

Вкупно 3 жени од Министерството за одбрана се упатени на работа во Командата на НАТО во Брисел, Белгија и постојаната мисија при ОБСЕ во Виена, Австрија.

**Во специфичната стратешка цел 1.3** - Зајакнување на капацитети на жени за лидерски позиции, го истакнуваме следното:

Министерството за одбрана ја препознава клучната улога за зајакнување на моќта на жените во општеството и се води од пристапот за исполнувањето на нашата меѓународна обврска кон Резолуцијата на ОН 1325 и Агендата „Жени, мир и безбедност“.

Во текот на 2023 година две жени беа упатени на Школа за национална одбрана во странство, високи школи кои што се предуслов за кариерен развој, односно поставување на одлучувачки позиции во МО и Армијата.

Жените администартивни службеници во Министерстото за одбрана се застапени со вкупно 47%, а на раководни позиции (категорија Б) се застапени со 49%, при што се бележи задржување на процентот на жените во Министерството, спредбено со изминатата година.

Вкупна застапеност на жените во Армијата е 11,23 %, што е највисок процент досега, а по категории состојбата е следна:

- жени офицери 18,85%,
- жени подофицери 12,01%,
- жени професионални војници 6,35% и
- жени цивилни лица 29,78%.

Од компаративниот преглед на застапеност на жени по категории во Армијата на Република Северна Македонија за период од 2021 до 2023 година, може да се забележи дека постои тренд на растење на вкупната бројка на жени во Армијата, а најголем растечки тренд има во категоријата на жени офицери на служба во Армијата на Република Северна Македонија.

| **ЖЕНИ во Армијата** | **2021г.** | **2022г.** | **2023г.** |
|---|---|---|---|
| офицери | 16,54% | 18,08% | 18,85% |
| подофицери | 10,98% | 11,67 % | 12,01% |
| професионални војници | 5,54% | 5,86 % | 6,35% |
| цивилни лица | 33,99% | 30,15% | 29,78% |
| **ВКУПНО:** | **10,15%** | **10,60%,** | **11,23%** |

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Во рамки на специфичната стратешка цел 1.1:** Еднакви можности за лидерство за жените и мажите на сите нивоа во Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: МВР) и Бирото за јавна безбедност (во понатамошниот текст: БЈБ), особено во процесот на донесување на одлуки на стратешко, оперативно и тактичко ниво:
-Учество на две претставнички од редовите на МВР на Република Северна Македонија на Конференција во Окленд, Нов Зеланд во организација на ИЦИТАП, на тема „Меѓународна асоцијација на жени“.

-Спроведена дводневна напредна обука за вкупно седум обучувачи за родово менторство, во рамките на Родово менторската програма развиена со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

-Спроведена Тридневна работилница за ментори и менторирани лица во рамките на Родово менторската програма развиена со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На работилницата учествуваа 5 мажи и 18 жени.

**Специфична стратешка цел 1.3:**Родова еднаквост при селекција и испраќање на учесници во меѓународни цивилни и мировни мисии.

Во 2023 година се преземаа активности насочени кон формирање на работна група чија задача во 2024 година ќе биде измена на Правилникот за избор на полициски службеник кој се упатува на работа во странство и Правилникот за полицискиот службеник упатен во странство. Целта е во овие правилници да се имплементира родовиот принцип при селекција и испраќање на учесници во меѓународни цивилни и мировни мисии.

**Министерство за надворешни работи-МНР**

Министерството за надворешни работи, во 2023 година презема низа мерки за исполнување на одредените цели, а. пред се тоа беше постигнато преку унапредување на раководните позиции на жените во МНР како и нивно вклучување во сите важни процеси кои беа предводени од Министерството.
Во МНР беше спроведена систематизација со која беше унапредено административното звање на вкупно 18 жени во Министерството.
Нормативно, натамошното подобрување на позицијата на жените во МНР во контекст на наведените стратешки цели е предвидено и со текстот на предлог Законот за надворешни работи, кој се наоѓа во владина процедура, а таксативно предвидува зголемување на бројот на жени на високи раководни позиции во МНР и на високи дипломатски позиции во ДКП - та. Родово балансирана застапеност се очекува да се постигне преку следниве фази предвидени во членовите на новиот предлог текст на предметниот закон: вработување (член 70), постапка за избор на раководни дипломати во МНР (член 21), избор за упатување на работа во ДКП (член 53) и избор за шеф на ДКП (член 42).

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

На платформата на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање поставени се е-модули за родово базирано насилство со цел зајакнување на капацитетите на јавната администрација, како и на пошироката јавност.

**Министерство за финансии-МФ**

Во контекст на соодносот на родова застапеност на раководни позиции во Министерството, нотирана е предност во однос на процентуалната застапеност на жени, односно истата се движи помеѓу 66% и 70% во однос на застапеноста на мажи на

раководни позиции. Процентуалната застапеност на жени како стручен кадар, се движи помеѓу 60% и 62%, на жени во однос на мажи, додека пак застапеноста статистичките податоци на застапеноста на жените во однос на мажите како помошно-стручен персонал е околу 65% . Анализата на родовата застапеност во поглед на помошно-техничките лица во Министерството, резултира со заклучок дека во оваа група преовладува речиси еднаква родова застапеност, односно процентуалната застапеност на жени се движи во рамка од 45% до 48%. Оттука, согласно последните податоци и анализа на родовата застепност на жени во Министерството, може да се констатира дека процентуалната застапеност на жени како на раководни позиции, така и на останатите работни позиции е во позитивна рамка и истата е во варијација од 60% до 65%, во однос на процентуалната застапеност на мажи.

**II.2. <u>Стратегиска цел 2 Вклученост</u> -** Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности за жените и за мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

**Во рамки на стратегиска цел 2 –** Вклученост, која се однесува на транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности за жените и за мажите, Министерството за одбрана овозможува одржлива и ефективна застапеност на жените на сите позиции во институцијата вклучувајќи ја и Армијата, поддржана од соодветни усвоени и имплементирани законски и подзаконски акти, политики, стратегии, процеси, овозможени услови за обука и образование. Со еднаквото вклучување на жените и на механизмите кои ја овозможуваат нивната вклученост се почитуваат и потврдуваат човековите права.

**Во делот на специфична стратешка цел 2.1 и 2.2 –** Вклучување на жените и мажите во одбранбените процеси и афирмирање на жените во одбраната, реализирани се следните активности за постигнување на дефинираните резултати:

**-**Прв регионален состанок на родови советници и родови координатори во министерствата за одбрана и вооружените сили на Запден Балкан во месец март 2023 година во Будва, Црна Гора.
Состанокот имаше за цел да се разменат знаења и споделат информации за родовата еднаквост на регионално ниво, при тоа нагласувајќи ја улогата на родовите советници и родовите координатори во спероведување на Агендата за Жени, мир и безбедност. Учество земаа Офицерот за родова еднкавост во Кабинетот на НГШ на Армијата и Координаторката на РГ за координација, мониторинг и евалуација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност.

Финансиските трошоци за спроведената активност беа на товар на UNDP/SEESAC.

-На Воената академија во учебната 2023/2024 година, вкупно од примените кандидати/-ки, односно запишани питомци/-ки 40% се жени, односно девојки.

-На курсот во 2023 година што се организраше за стручно оспособување и усовршување на офицери по служби за потребите на Армијата жените беа застапени со 37 %.

-Во март 2023 година беше објавен и спроведен јавен оглас за преим на вкупно 150 професионални војници на служба во Армијата, од кои 8,6% се жени.

-Во септември 2023 година беше објавен и спроведен јавен оглас за преим на вкупно 150 професионални војници на служба во Армијата, од кои 6,6% се жени.

-Во текот на 2023 година промовирани се вкупно 150 подофицери, поранешни професионални војници кои во Армијата ги докажаа своите способности, професионалност и мотивираност, од кои 5% се жени.

При тоа, на конкурсите за запишување питомци/питомки на Воената академија, во огласите за прием на професионални војници и цивилни лица на служба во Армијата, конкурсот за стручно оспособување и усовршување на офицери по служби и др. има посебен параграф со кој девојките и жените се охрабруваат да се пријавуваат, а исто така подетално се потенцирани одредени специфични услови за прием во служба на Армијата кои треба да ги исполната мажите и жените (на пр.минимална/максимална висина, тежина, критериуми за физички проверки и сл.).

-Во ноември 2023 година беше отворен конкурсот за стипендирање на студенти од критичните специјалности за потребите на Армијата на Република Северна Македонија, а конкурсот беше отворен за сите студенти во Северна Македонија. Министерството понуди можност да се вклучат студентите во армиските редови преку нивно стипендирање кои се образуваат во области кои се критична специјалност за Армијата, со средства во висина од 30% до 80% од просечната плата во државата во зависност од студиската година, а по завршувањето на образованието, тие ќе бидат во редовен работен однос во Министерството.

Министерката за одбрана Славјанка Петровска со видео-порака се обрати до сите студенти-девојки и момчиња и им порача дека тие се иднината на нашата земја и дека треба да ја искористат уникатната можност и да се пријават на конкурсот.
„Во младите е иднината! – не е само мисла која треба да остане запишана, тоа е идеал кој го оствaруваме. Се грижиме за младите кои ни се потребни за да можеме и во иднина да ја гарантираме одбраната на нашата држава. Навремено планираме и создаваме механизми за поддршка токму на младите“, рече министерката.

Во стратешките документи како што е ДПРОС-Долгорочниот план за развој на одбранбени способности 2023-2032 е дефинирана „Соодветна и правична етничка и родова застапеност“ и во тој контекст во Министерството и во Армијата се преземаат мерки за заштита на начелата на недискриминација, еднаквите можности на мажите и жените и соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците, врз основа на критериумите на стручност и компетентност. За потполно исполнување на оваа фокусна

област за цел се предвидува: Родова перспектива во одбраната, односно инкорпорирањето на родовата перспектива и еднаквите можности на мажите и жените во одбраната која што е во согласност со стратешката определба на Владата, стратешките цели од Националниот план за акција за родова рамноправност, вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325–Жени, мир и безбедност, 2020 – 2025 – стратегиска рамка и НАТО политиките, сродни иницијативи и документи. Ова подразбира развивање на родовата еднаквост во сите сегменти од работните процеси и во управувањето со човечки ресурси.

-Во согласност со ДПРОС-от и годишните планови и потреби искажани од Армијата, се спроведуваат активностите за популаризација и прием на воената професија, при што се почитувааат принципите на инклузивност и недискриминација.
Имено, во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија се применуваат бројни афирмативни мерки за привлекување персонал во одбранбениот систем, во согласност со План на активности за популаризација на воената професија заради привлекување персонал за служба во Армијата, при што во текот на 2023 година беа опфатени 99 средни училишта во општините на Република Северна Македонија. Активностите за популаризација на воената професија се спроведени од тимови составени од претставници од Министерството и Армијата во кои беше застапен и родовиот принцип, односно во секој тим имаше и жени и мажи-припадници на Армијата. Преку видеоприлози се презентирани лични приказни и изјави за работни ангажмани во Армијата и во меѓународните мисии во странство, со цел да се препознае една привлечна професија со нови предизвици.

-На веб-страницата на Министерството за одбрана се наоѓа подпрозорецот „Биди дел од Армијата/ Биди офицер/ Биди војник“, кој што има за цел да ја популаризира воената професија. Подпрозорецот е активен во континуитет и се ажурира со нови информации во врска со актуелните огласи, документи потребни за пријавување, услови и критериуми за селекција. Покрај ова, има брошури за доброволно служење на воен рок, за професионален војник, за прием на офицери, фото-галерија и видеоприкази насочени кон популаризирање на воената професија. Исто така информации за објавените конкурси за примање на нови кадри/питомци се дистрибуираат преку социјалните мрежи каде што Министерството за одбрана, Армијата и Воената академија се активно присутни – Facebook и Twitter.

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Во рамките на проектот „Унапредување на институционализацијата на родово одговорно буџетирање-РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото

планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија“, беа организирани три модули на обуки и тоа : Основна обука за род и родови концепти, Напредна обука за РОБ и Основи на родова анализа. На обуката присуствуваа претставници од сектор финансии и координаторите/ките за еднакви можности на жените и мажите од  Агенција за поттикнување на развој на земјоделство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, Државна изборна комисија, Државен архив на РСМ, Агенција за катастар на недвижности, Агенција за аудио аудиовизуелни медиумски услуги, Центар за управување со кризи, Центар за стручно образование и обука, Управа за извршување на санкции, Институт за Јавно здравје на РСМ. Вкупно беа обучени 40 лица.

До МТСП доставени се 4 родово-буџетски изјави за програми кои ќе се следат наредните 3 години.

Обучени се 26 претставници ОДУ  за родово одговорно буџетирање  од институции и МТСП.

**II.3.** **Стратегиска цел 3 Олеснување** - Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

**Во рамки на стратегиска цел 3** – Олеснување, која се однесува на одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите, Министерството за одбрана во континуитет работи на процесите за интегрирање на родовата перспектива во законските и подзаконските акти, стратешки документи, програми и планови  а кои се во насока на исполнување на резултатите на **специфична стратешка цел 3.1**–Нормативно уредување за олеснување на работните ангажмани на жените во одбраната:

-Во насоките и инструкциите кои беа доставени од Министерството за одбрана до сите секторите и до Армијата, за изработка на Предлог буџет за 2023 година беше дадена насока за  вклучување на родовата димензија при буџетското планирање.

-Согласно потпишаниот Договор за соработка помеѓу МО и ДЦАФ- Женевскиот центар за управување во безбедносниот сектор, во 2023 година беше спроведен процесот на родова само-проценка во МО и Армијата. Родовата само-проценка беше реализирана преку следните методолошки алатки: анкети за вработените, како и интервјуа и фокус групи наменети за средна и висока раководна структура од Минстерството и Армијата. Родовата само-проценка се спроведе со помош на надворешни експерти ангажирани од страна на ДЦАФ, а голема поддршка и координација за истото даде наменски формирана Работната група во МО.

Финализирање на процесот, односно анализа на податоци и изработка на Родов акциски план со конкретни препораки и активности за МО и Армијата, е проектирано да се заврши

до март 2024 година, а истите ќе бидат во насока на подобрување на родовата перспектива во МО и Армијата.
Финансиските трошоци за целокупната активност беа на товар на ДЦАФ.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Специфична стратешка цел 3.1:** Запознавање/разбирање на различните улоги и потреби на жените и мажите во општеството:

Спроведено е уште едно во низата промовирања на родовата перспектива во МВР со поддршката која ја дава Мисијата на ОБСЕ во Скопје преку спроведување на родово менторска програма која е дизајнирана кон создавање на концепт на меѓусебна поддршка на вработените во МВР. Повикот аплицирање и за учество во програмата важеше подеднакво и за мажите и за жените вработени во МВР. Програмата освен промовирање на еднаквоста на работното место и развој на родовата перспектива е дизајнирана кон создавање на концепт на меѓусебна поддршка на вработените во МВР и вмрежување и јакнење на капацитетите на вработените во МВР.

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Од страна на Владата на Република Северна Македонија усвоен е Протокол за меѓусебна соработка на надлежни субјекти за преземање мерки за превенција, спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

Формирана е работна група за подготовка на Национална стратегија за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство.

**Министерство за финансии-МФ**

Во текот на 2023 година, од посебна важност беше усвојувањето на Законот за буџети (објавен со „Службен весник на РСМ“ бр.203/2022 од 19.09.2022 година). Во одредбите од истиот дефинирани се родовото буџетирање, родово одговорниот буџетски извештај и родовите индикатори, како и обврската на буџетските корисници да ги вклучат во буџетскиот циркулар родово одговорните индикатори како алатка за следење и мерење на напредокот кон постигнување родово одговорни цели, обврската на буџетските корисници при предлагање на нови прописи или акти насочени кон унапредување на родовата еднаквост да достават пополнета родова буџетска изјава, вклучување на збирен преглед на родовите буџетски извештаи во предлог-буџетот на државата и обврската на Министерството за финансии со завршната сметка да достави извештај за родово одговорни индикатори и постигнати цели и резултати, преку што директно се зајакнува принципот на родова еднаквост. Исто така, Министерството за финансии континуирано излегува во пресрет на потребите од вклучување на родовата димензија при буџетското планирање и извршување, согласно можностите и капацитетите на буџетските корисници. Во оваа насока, во текот на 2023 година Министерството за финансии во соработка со експерти преку ИПА Твининг проект и дополнително со Светска

банка изработи предлог текст на подзаконски акт, поврзан со родово буџетирање (согласно член 8 од Закон за буџети („Сл.Весник на РСМ“ бр.203/2022)), кој е во фаза на усогласување со релевантните чинители.

**Центар за управување со кризи-ЦУК**

Во текот на 2023 година Центарот за управување со кризи имаше можност да ја реализира **Специфичната стратешка цел 3.1.** прилагодување и зголемување на инфраструктурните капацитети, при што се донесени и реализирани планови за инфраструктурни прилагодувања за потребите на жените и мажите и обезбедени се постојани финансиски средства за родово унапредување, односно раелизирани се поголем дел на градежни активности – реконструкција на постоечките објекти.

**II.4 <u>Стратегиска цел 4 Заштита</u> -** Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

Во рамки на **специфичната стратешка цел 4.1 и 4.2 –** Унапредување на системот на поддршка и заштита на жените, кои претрпеле каков било облик на загрозување на безбедноста во конфликтни и постконфликтни состојби, кризни и вонредни ситуации**,** Министерството за одбрана презема чекори во насока на превенција во наведената цел, и тоа:

-Континуирано функционира веќе воспоставениот систем за заштита од вознемирување во МО и Армијата, со сите достапни информации од оваа област и воспоставените интерни механизми преку Упатство и Водич за заштита од вознемирување на работното место за вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.
Водичот содржи јасни пораки за нултата толеранција на вознемирување, и поттикнува пријавување на вознемирување на работното место. Секој од вработените има право на заштита од вознемирување на работното место.
Во исто време, јасно и недвосмислено се охрабрува секој вработен да побара совет и помош и навремено да информира за неприфатливите форми на однесување кои претставуваат вознемирување. Водичот дава насоки секој вработен да се однесува правилно, чесно и професионално и на начин на кој се почитува достоинството, интегритетот и угледот на индивидуално и институционално ниво.
На веб страницата на МО и Армијата, функционален е потпрозорец „Стоп вознемирување“, каде што вработените можат подетално да се информираат за начинот, мерките и постапките за спречување и заштита од вознемирување на работно место. На овој начин, Министерството за одбрана транспарентно им овозможува на вработените да имаат пристап до сите информации од оваа област (законската рамка за заштита од вознемирување, како и механизмите за поддршка) и да можат да го преземат образецот за пријавување и да поднесат пријава, во случај на потреба.

Воедно, достапни се податоци за интерни механизми-овластено лице и заменик овластено лице за заштита од вознемирување, 36 родови претставници (жени и мажи) и 24 посредници во случај на вознемирување (жени и мажи) од МО и Армијата.
Во насока на зајакнување на вештините и компетенциите на персоналот од МО и Армијата, реализирана е една обука во 2023 година за заштита од вознемирување на работно место за вкупно 19 учесници (8 жени и 11 мажи) во Центарот за обука „Д-р Џозев Крузел"-Скопје.

Во декември 2023 година во касарната „Алексо Демниевски–Бауман" во Велес, беше одржана панел дискусија на тема „Жените и безбедноста", на која учествуваше и се обрати командантот на Командата за обуки и доктрини, како претставник од Армијата, односно Министерството за одбрана.
Панел – дискусијата на која стана збор за важноста од меѓуинституционалната соработка за сеопфатен одговор во борбата против насилството ја организираше Министерството за труд и социјална политика заедно со канцелариите на УНФПА, поддржани од Амбасадата на Обединетото Кралство и Армијата на Република Северна Македонија.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Во рамки на специфична стратешка цел 4.1**: Воспоставување сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово- базирано насилство и на жртвите на семејно насилство, беа реализирани следните активности:

-Во сите реновирани полициски станици од општа надлежност во државата обезбеден е пристап за лица со попреченост.
-Обезбедени се 9 простории за разговор со деца кои по потреба може да се користат и за разговор со ранливи категории на жртви во државата (односно како пријатни соби за разговор со жени жртви на родово базирано насилство). Дополнително во МВР планирано е во 2024 година да се обезбеди опремување на простории за ранливи категории на жртви.
Напомена: Реализацијата на оваа стратешка цел и предвидените активности ќе се одвиваат во континуитет и во рамките на буџетските можности и утврдени приоритети на МВР.

**Специфична стратешка цел 4.2:** Превенција на родово базирано насилство и семејно насилство:

**-**Спроведена обука во рамки на проект: „Едукација на програма за родово базирано насилство врз жени". Оваа обука ја имаат поминато вкупно 4 полициски службеници од кои 1 е маж и 3 се жени.

-Спроведена обука на тема: „Напредно интервјуирање на жртви за семејно насилство и насилство од интимни партнери". Оваа обука ја имаат поминато вкупно 6 полициски службеници од кои 4 се мажи и 2 се жени.

-Спроведена е обука за обучувачи за модул за обука на професионалци за родово сензитивно обезбедување на услуги на жртвите, согласно новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Оваа обука ја имаат поминато 4 полициски службеници.

-Спроведена е специјализирана обука во соработка и поддршка од ОБСЕ за „Родово одговорно полициско работење врз жени и девојчиња“.

-Со поддршка од УНФПА спроведена е обука за родово базирано насилство и семејно насилство чија цел е интегрирање на родовите аспекти и перспективи за заштита на жртвите на семејно насилство, како и разбирање на родовата димензија на насилството во постапувањето со сторителите. Во склоп на оваа обука разработени се и теми за траума и разбирањето на траумата во постапувањето со жртви на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство кои се презентирани од страна на стручно лице-професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

-Одржан работен состанок со УНДП во врска со Извештај од направена анализа за изработка на модул за евиденција и постапување при случаи на семејно насилство и родово базирано насилство, како и обрасци кои е потребно дополнително да се структурираат (проценка на ризик со план за управување со ризици и план за безбедност на жртвата).

-Одржана работилница во соработка со УНДП на тема „Борба против сексуално и родово базирано насилство во дигиталната сфера“.

-Во организација на ОБСЕ-Виена, одржана е специјализирана интерактивна обука за родово одговорно полициско работење за насилство врз жени и девојчиња наменета за полициски службеници и јавни обвинители. Обуката е спроведена во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на кривично правниот систем за борба против родово базирано насилство во Југоисточна Европа“.

-Од страна на ЕСПСКК се спроведува План за контрола и надзор над работењето на организациските единици во сите Секторите за внатрешни работи во БЈБ од областа на постапувањето на полицијата по пријави за семејно насилство. Согласно овој план се контролираат постапките на униформираниот состав на полицијата и криминалистичката полиција и се даваат соодветни насоки за унапредување на постапувањето на полицијата по пријави за семејно насилство.

-Со поддршка од ОБСЕ дизајниран и промовиран е „Пакет за обука“ составен од 4 модули: Разбирање и виктимизација на ранливи категории на жртви, Помош и заштита на ранливи категории на жртви, Национално законодавство во однос на постапување на полицијата со ранливи категории на жртви и Интервју и земање на изјава од ранливи категории на жртви. Овој пакет на обуки во 2024 година ќе се имплементираат во основната обука за

кандидат полицаец и во континуираните обуки за инспекторите од криминалистичка полиција.

**Специфична стратешка цел 4.3:** Зголемена транспарентност во насока на превенција на родово базирано и семејно насилство:

-Од организациските единици на МВР: ЕСПСКК, ОКП, СВР Скопје и Центар за обука учествуваа на обука за обучувачи за спроведување на почетна и континуирана едукација за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, во организација на Министерство за труд и социјална политика.

-Претставник од МВР учествуваше на работен состанок на мулти секторското тело против родово базирано и семејно насилство во Струмица, на кој како тема на дискусија се наметнала потребата од изменување и дополнување на Кривичниот законик и протоколите за меѓу секторска соработка.

-На web страницата на МВР објавен Годишниот извештај за 2023 година на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднакви можности за жените и мажите.

-На web страницата на МВР објавена Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година.

**Министерство за надворешни работи-МНР**

Во делот на стратешка цел-заштита, согласно статутот на државни службеници на вработените во Министерството за надворешни работи, со Кодексот за државни службеници (член 9- недискриминација) дополнително со општа формулација којашто предвидува недискриминација „по било кој основ“, се регулира превенцијата и спречувањето на секаков обид за непочитување и дискриминација по родова основа.

-

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Реализирани две обука за зајакнување на капацитетите на мобилните тимови за справување со жртви од трговија со луѓе, 25 обучувачи за идентификација и постапување со жртви на трговија со луѓе. Учесници: 8 трудови инспектори, 5 инспектори од единицата за БТЛ од организиран криминал и 10 социјални работници, 10 претставници на здруженија на граѓани.

**Министерство за правда-МП**

1.Во однос на стратешка цел 4: Заштита,
**Специфична стратешка цел 1.1:** Обезбедување на заштита и надоместок на жртви на кривични дела со насилство, 1.1.1. Усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди за жртвите на кривични дела преку обезбедување на право на материјална и нематеријална штета од државен фонд. Во постапка на конституирање е Комисија за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство.

**Специфична стратешка цел 1.2:**

1.2.1.Превенција на насилството врз жените преку обезбедување поефикасни правни инструменти. Изработен е Годишниот извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2022 година и објавен на веб страната на Министерството за правда.

1.2.2.Градење на капацитети и подигната свест за практична примена на одредбите од Истанбулската Конвенција. Активноста е реализирана со спроведување на обука во Академијата за судии и јавни обвинители на 22 септември 2024 година.

**II.5 Стратегиска цел 5 Комуникација, образование и обука -** Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата „Жени, мир и безбедност".

**Министерство за одбрана-МО**

Во рамки на стратегиска цел 5 - Комуникација, образование и обука - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата „Жени, мир и безбедност", посебно во с**пецифична стратешка цел 5.1** – Зајакнување на знаење за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325, евидентирани се следните позначајни активности:

-Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во континуитет се зајакнува родовата свест преку изведување на родови обуки за персонал од МО и Армијата, за таа цел во месец март 2023 година беше одржан семинар за административни службеници и воение лица од МО на тема: „Родова перспектива и втор НАП за имплементација на Резолуција 1325-Жени, мир и безбедност. Семинарот беше реализиран во капацитетите на Министерството за одбрана - Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел", истиот беше спроведен од страна на сертифицирани родови обучувачи од МО и Армијата.

Вкупно учесници во двата термини на обуката беа 32 (триесет и два), од кои 25 (дваесет и пет) или 78 % беа жени а 7 (седум) или 22 % мажи.

Семинарот придонесе учесниците/-чките подетално да ги разберат различните улоги и потреби на жените и мажите во општество, да се стекнат со знаења од областа на родовата еднаквост, односно подигање на родовата свест како и да се запознаат со процесите на интегрирање на родовата перспектива во Министерството за одбрана, односно Армијата и запознавање и подигање на свесноста во областа на спречување и заштита од вознемирување.

-Во мај 2023 година во ЦО „Д-р Џозеф Крузел" во Министерството за одбрана, се одржа работен состанок со сертифицираните родови обучувачи од МО и Армијата, кој што имаше за цел: информирање за тековните активности и проекти кои се реализираат во Министерството и Армијата, информирање за степенот на реализација на вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка, координација и планирање на идни активности и обуки во областа на родовата еднаквост, дискусија за подобрување на планирање, организирање и изведување на родови обуки во Министерството и Армијата. Состанокот беше

продуктивен затоа што преку изнесеното се разменија искуства, научени лекции и се споделија информации помеѓу сертифицираните родови обучувачи од Министерството за одбрана и Армијата.

-Две претставнички од Министерството за одбрана-координаторката и заменик координаторката за еднакви можности на мажите и жените во МО успешно ја завршија „Обуката за обучувачи за Родово одговорно буџетирање“ која се реализира во Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање, во мај 2023 година, а на покана и организација на Министерстото за труд и социјална политика.

-Во текот на месец јуни 2023 година во Куманово се одржа родова обука „Жените и безбедноста – Подигање на родовата свест“ за персоналот, односно штабот на СИБРИГ (SEEBRIG-South-Eastern Europe Brigade).
Обука имаше за цел да се подигне свеста на персоналот од штабот на СИБРИГ за родовата перспектива и важноста на родовата интеграција во операциите за поддршка на мирот, но исто така за зајкнување на вештините, капацитетите и посебните компетенции на персоналот кој непосредно е вклучен во воените процеси на мултилатерално ниво.
Обуката ја изведе, односно ја реализираше регионален мобилен тренинг тим составен од сертифицирани родови обучувачи од Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора, а во организација и поддршка на Раквиак-Центар за безбедносна соработка, Хрватска. Директорка на обуката беше сертифициран родов обучувач од МО.
Од исклучителна важност е обезбедувањето на соодветно образование и обука за родовите прашања, а преку истото да се земе предвид родовата инклузивност, односно мажите треба да бидат подеднакво вклучени колку и жените. Целокупните финансиски трошоци за реализација на активноста ги обезбеди СИБРИГ и Раквиак.

-Во континуитет се реализираат родови обуки како дел од предупатните обуки за персоналот кој се упатува во меѓународни мировни мисии. Покрај досегашните стандардни теми поврзани за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325–Жени, мир и безбедност беше вклучена и темата „Заштита од сексуално експлоатација и злоупотреба“ со цел да се подигне родовата свест и да се прошират знаењата на лицата кои се упатуваат во мировните мисии.

Министерството за одбрана со цел да оствари ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука во насока на имплементација на Агендата за „Жени, мир и безбедност“, ги реализираше следните активности во рамки на с**пецифична стратешка цел 5.2**–Зајакнување на капацитетите–персоналот непосредно вклучен во имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325 и вториот НАП за имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325 –Жени, мир и безбедност:

-Во мај 2023 година во ЦО „Д-р Џозеф Крузел“ во Министерството за одбрана, се одржа координативен состанок со претставници/-чки од задолжените институции и Работната

група за координација, мониторинг и евалуација (РГ за КМиЕ) за имплементација на вториот Национален акциски план (НАП) на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка. Состанокот имаше за цел да се сумира досегашното работење, да се дефинираат предизвиците и препораките, процесот на изработка и доставување на Годишен извештај за реалзиација на активностите од оперативните планови за имплементација на вториот НАП и понатамошните претстојни активности.

**Специфична стратешка цел 5.3** – Инкорпорирање на родовата перспектива во програмите за образование и обука за имплементација на вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност:

--Во насока на зајкнување и одржување на регионалната соработка а во организација на UNDP/SEESAC се одржа 7-от регионален состанок на сертифицирани родови обучувачи од Западен Балкан, во месец мај 2023 година во Вршац, Србија. Регионалниот состанок имаше за цел да се разменат искуства, научени лекции и споделат добри практики за изведување на родови обуки, а воедно беше утврдена финалната верзија на on-line обука за родовата еднаквост и родовата перспектива, развиена во 3 модули, наменета за персонал од министерствата за одбрана и вооружените сили на Западен Балкан. Учество земаа 5 претставници/-чки од МО и Армијата кои се сертифицирани родови обучувачи. Финансиските трошоци за целокупната активност беа на товар на UNDP/SEESAC.

-Во организација на Центарот за безбедносна соработка-Раквиак од Загреб, Република Хрватска, а во соработка и поддршка со Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM), во септември 2023 година во Хрватска се реализраше двонеделна обука за обучувачи на која родов обучувач од Армијата на Република Северна Македонија беше ангажиран во организација и реализација на обуката во својство на обучувач и лидер на синдикална група.
Во 2023 година базенот на родови обучувачи од Министерството и Армијата го сочинуваат вкупно 28 (дваесет и осум) НАТО сертифицирани родови обучувачи од кои 19 (деветнаесет) се жени и 9 (девет) се мажи.

-Во  октомври 2023 година во Сараево, БиХ се одржа 16-тиот регионален состанок на механизмите за родова еднаквост во министерствата за одбрана и вооружените сили на Западен Балкан, а во рамките на регионалниот проект „Зајакнување на регионалната соработка за вклучување на родовите аспекти во реформата на безбедносниот сектор во Западен Балкан“ поддржана од Кралството Норвешка и Република Словачка.
На состанокот беше брифиран напредокот на родовата перспектива во МО и вооружените сили на земјите на Западен Балкан и беа претставени наодите и заклучоците од евалуацијата на регионалниот проект од страна на експеретка ангажирана од UNDP/SEESAC. Исто така беше презентиран регионалниот он-лајн курс за родовата еднаквост изработен од страна на родовите обучувачи од министерствата и Армиите на Црна Гора, Србија, Република Северна Македонија  и Босна и Херцеговина, како и идните

планови и активности на министерствата за одбрана и вооружените сили од Западен Балкан во областа на родовата еднаквост. Учество земаа 5 претставници/-чки од МО и Армијата. Финансиските трошоци за целокупната активност беа на товар на UNDP/SEESAC.

-Во декември 2023 година во Будва, Црна Гора се одржа 8-миот регионален состанок на родовите обучувачи во министерствата за одбрана и вооружените сили на земјите на Западен Балкан, на кој што разменија искуства, добри практики и научени лекции во однос на организрање и спроведување на родовите обуки, но се дискутираше за конечната верзија на он-лајн курсот за родова обука, негово поставување на официјалните веб страници на наведените институции и достапноста за сите вработени. На овој состанок за прв пат беа претставени основите за „Род, подготвеност за катастрофи и помош – улогата на вооружените сили“ при што се отвори дискусија за прифаќањето на тематиката, како и подготвеноста за внесување на овие содржини во обуките од страна на родовите обучувачи. Учество земаа 5 претставници/-чки од МО и Армијата кои се сертифицирани родови обучувачи. Финансиските трошоци за целокупната активност беа на товар на UNDP/SEESAC.

**Специфична стратешка цел 5.4** – Зајакнување на институционална комуникација:

-Во првиот квартал во 2023 година изработен е Првиот Годишен извештај за степенот на реализација на активностите на РГ за КМиЕ, кој што е доставен до Комисијата за еднакви можности при Собранието на Република Северна Македонија и до интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија (ИРКиСГ ЕМЖМ). Изработен е полугодишен извештај, односно шесто-месечно брифирање за степенот на реализација на активностите на РГ за КМиЕ, доставен до ИРКиСГ ЕМЖМ. Споменатите извештаи се објавени на веб страницата на МО.

-Членовите на РГ за КМиЕ се во редовна комуникација и координација со претставниците од задолжените институции за имплементација на Вториот НАП.

-Редовно се ажурираат и споделуваат информации на официјалната веб страница на Министерството за одбрана, во засебните поддпрозорци кои што се наведени во овој извештај, содржини од родов аспект во списанието ШТИТ кое што воедно е достапно и во електронска форма како и континуирано споделување на информации на социјалните мрежи на Министерството за одбрана и Армијата.

-Министерството за одбрана како членка на НАТО Сојузот, активно учествува во изработка на NATO Summury Gender Report кој што е на годишно ниво, а исто така дава свој допринос при изработка и ажурирање на НАТО политиките кои се од доменот на родовата еднаквост и родовата перспектив.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Специфична стратешка цел 5.1**: Запознавање на полициските службеници со Принципите на Резолуцијата 1325 преку процесот на основна и континуирана обука:

-Во 2023 година Центарот за обука при МВР има имплементирано тематски единици кои ја опфаќаат оваа цел и во основната обука за полицаец и во континуираните обуки кои се спроведуваат на полициски службеници и вработени во МВР на релевантни теми од Резолуцијата 1325, како што се родова рамноправност и спречување на насилство и заштита на жените. Во основната обука за полицаец опфатени се следните тематски единици: „Родова еднаквост“, „Основни права и слободи, недискриминација во полициското постапување“ и „Превземање на мерки и активности во врска со семејното насилство (обезбедување на родово сензитивни услуги“, додека како континуирани се спроведени следните обуки: „Известување за родово базирано насилство: Пристап насочен кон жртва/преживеан“ и „Онлајн обука на сисемот за управување со учење на МВР на тема „Родова еднаквост“.

-Во Центарот за обука при МВР во процес на изработка е обука на тема „Семејно насилство и насилство врз жени и девојчиња“, која е планирана да се реализира во 2024 година.

**Специфична стратешка цел 5.2**: Зајакнување на капацитетите на персоналот непосредно вклучен во имплементација на Вториот НАП за Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност:

-Во организација на Министерството за одбрана одржан координативен состанок со претставници од задолжените институции и Работната група за координација, мониторинг и евалуација за имплементација на НАП на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка.

-Во организација на Министерството за внатрешни работи, поточно од страна на лицата назначени за следење на имплементација на предметниот оперативен план на МВР е организиран и одржан координативен работен состанок со претставници од Организациските единици опфатени како носители на активности во Оперативниот план на МВР бр. 16.3.4-828/1 од 17.11.2020 година и со претставници од Министерството за Одбрана.

**Специфична стратешка цел 5.3**: Инкорпорирање на родовата перспектива во програмите за образование и обука за имплементација на вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност:

-Од страна на Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси подготвен е „Годишен план за обуки за работниците во МВР за 2024 година“ во кој се имплементирани обуките кои се предвидени со предметниот Оперативен план каде што за носител е назначена истата организациска единица-ОЗРУЧР и тоа:

- Обука за подигање на свеста за потреба од родова еднаквост;
- Спречување на дискриминација;

- Родово сензитивно обезбедување на услуги на жртвите на семејно насилство и
- Обука за стрес менаџмент.

**Специфична стратешка цел 5.4** – Зајакнување на институционална комуникација:
-Претставници од МВР земаа учество на вкупно три тркалезни маси на тема: *„Имплементација на законските решенија за проблемот на семејното и родово базирано насилство како и подобрување на меѓу секторската соработка“,* организирани од страна на Националниот совет за родова рамноправност -НСРР, со цел да се извлечат заклучоци и да се дадат препораки за меѓу секторската соработка, како и за подобрување и унапредување на заштитата на жртвите на родово базирано и семејно насилство.

**Министерство за надворешни работи-МНР**

Стручното оспособување и усовршување на вработените во МНР е регулирано во рамки на Правилникот за стручно оспособување и усовршување, со цел стекнување повисоко дипломатско звање како основ за кариерен развој на дипломатот и стекнување/ унапредување на специфичните вештини неопходни за вршење на дипломатската професија. Преку организирани семинари, обуки, курсеви, работилници и меѓународни конференции во земјата и странство, покрај водење на сметка за почитувањето на принципот на родовата застапеност во однос на номинирани учесници, се работи и на подигање на свеста за сензибилноста на прашањето за родовата еднаквост.

Во таа насока, во извештајниот период, одржани се обуки за стручно оспособување (за стекнување повисоко звање). На овие обуки учествуваа над 20 жени. Исто така, Министерството упати поголем број жени дипломати на обуки за стручно усовршување, организирани во странство.

Во рамки на МНР продолжува со активности Работната група за родова еднаквост во надворешната политика, чијашто цел е дејствување во насока на промоција и залагање за почитување на принципот на родова еднаквост, преку вклучување на родовите перспективи во надворешната политика согласно меѓународно преземените обврски , меѓу кои и Резолуцијата 1325 на ОН 1325-Жени, мир и бебедност.

Во контекст на заложбите на МНР за зајакнување на улогата на жените во надворешната политика, родовата еднаквост беше една од приоритетните теми за време на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ во 2023 година**.** На иницијатива на Министерството за надворешни работи, во септември 2023 година во Тетово, се одржа првата Конференција на ОБСЕ за родова еднаквост и зајакнување на улогата на жените.
Дводневниот настан опфати три работни сесии и четири придружни панели на кои се дискутираше за теми како жени, мир и безбедност: зајакнување на женското учество и лидерство; поврзаноста на родот и корупцијата и ублажување на ефектите од корупцијата

врз жените; родовата еднаквост во политичкиот живот, успешните практики од теренот за родовите прашања.
На Конференцијата, покрај високи владини претставници на земјата, свои обраќања имаа и ГС на ОБСЕ, Хелга Шмид, претседателот на ПС на ОБСЕ, шефовите на автономните институции на ОБСЕ, претставници на други меѓународни организации, невладиниот сектор и академската заедница.
Оваа конференција се надоврза на конференцијата „Жените во надворешната политика", која што од страна на Министерството за надворешни работи се одржува од 2021 година, со цел зајакнување  на улогата на жената во надворешната политика.

**Министерство за труд и социјална политика-МТСП**

Спроведени се работилници за 6 обучувачи во рамки на Програмата наменета за обучувачи кои се стекнаа со знаење во претходната фаза на спроведување на истиот проект и беше наменета за вработени во јавниот сектор на централно ниво.

Спроведени се 5 каскадни дводневни обуки наменети за вработени во јавниот сектор на локално ниво во областа на принципот за недискриминација и должноста за спроведување еднаквост во јавниот сектор. Обуките се спроведоа во градовите Струмица, Куманово, Тетово, Велес и Скопје со вкупно 78 учесници.

**Министерство за образование и наука-МОН**

Министерството за образование и наука за исполнување на целите предвидени во Годишниот оперативен план, ја реализираше специфичната стратегиска цел преку активност за унапредување на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование од аспект на еднакви можности на жените и мажите.
За реализација на оваа специфична стратегиска цел реализирани се следните активности:
Од страна на Бирото за развој на образованието во текот на 2023 година изработени се нови наставни програми кои се базираат на принципите на родова сензитивност/ рамноправност, инклузивност, интеркултурност по наставните предмети од 6 и 7 одделение согласно наставниот план за основно образование од Концепцијата за основно образование од 2021 година, додека наставата од 1 до 6 одделение се реализира согласно новите наставни програми.

Од страна на Министерот за образование и наука, донесени се нови наставни програми за второ и петто одделение, а нивната имплементација започна во учебната 2022/23 година.

Изработени се нови наставни програми за трето одделение, а за шесто одделение ќе се објави јавен оглас за избор на надворешни соработници за изработка на наставните програми за шесто одделение.

Новите наставни програми за 1 до 6 одделение согласно кои се реализира наставата според Концепцијата на основно образование (2021) се изработени врз база инклузивност, родова рамноправност/сензитивност и интеркултурност.

Во 2023 година се изработија нови наставни програми за 6 и 7 одделение врз база на Концепцијата на основно образование (2021) и Националните стандарди.

Од страна на БРО формирана е комисија за давање мислење за нови учебници за 1, 2, 4 и 5 одделение, по барање на Педагошката служба.

**Министерство за правда-МП**

Во однос на стратешка цел 5: комуникација, образование и обука:
**Специфична стратешка цел 1.1:** Подигање на степенот на знаење за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 1.1.1. Поттикнување и размена на искуства за спроведување на Резолуцијата на ОН 1325 на меѓународно, регионално и национално ниво. Активноста е реализирана со спроведување на обука во Академијата за судии и јавни обвинители на 24 октомври 2023 година.

**Дирекцијата за заштита и спасување-ДЗС**

Во 2023 година се реализирани многубројни активности, вежби и обуки од обласа на цивилната заштита,превенција,планирање и развој,при што континуирано се обрнуваше внимание на еднаквата застапеност на жените и мажите во активностите. Учеството на жени во оперативниот дел од работењето на Дирекцијата за заштита и спасување е релативно зголемено,воедно се презвемаат и активности за зголемување на интересот на жените во опетивниот дел на Дирекцијата имајќи го во предвид фактот дека оперативнот дел до сега беше извршуван претежно од мажи.

Како новина во Дирекција се формираше тим од Координаторот,заменик Координаторот и еден член којшто се во процес на изработка на рекламен материјал,којшто во идниот период ќе се подели во јавноста,а се однесува на детално објаснување и појаснување за оперативната работа на Дирекцијата. Сето тоа се организира со цел да се привлече внимание за вклучување на жени во оперативната работа на Дирекцијата.

Формиран е тим којшто посветено ќе работи во реализација на обуки и презвемање на иницијативи за зголемувањето на присуството на жените на лидерски позиции. Во оваа насока има подобрување во смисла на тековни назначувања на Секторски и одделенски раководители.

Од страна на тимот за работа на Вториот Акциски план, беше спроведена Анонимна Анкета. Анкетата беше составена од прашања којшто ги засегаат жените во институцијата,стереотипи и можни негативни родови влијанија.

Целокупната Анкета резултираше со појасна слика за општото мислење во врска со состојба на мажите и жените.

Резултатите се во процес на разработка и истите процентуално ќе бидат објавени на Јавната табла.

**ЦУК-Центар за управување со кризи**

Во делот на стратешка цел 5: комуникација, образование и обука: Двајца претставници од ЦУК-1 маж и 1 жена-координатор и заменик координатор за родова еднаквост присуствуваа на обука „Родова еднаквост" која што беше организрана од МТСП а се одржа во Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање.

**Здружение на единиците на локалната самоуправа-ЗЕЛС**

ЗЕЛС за исполнување на целите предвидени во Годишниот Оперативен план за 2023 година, ги спроведе следните активности кои се поврзани со унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, превенција и заштита на жртви на родово-базирано насилство како дел од Оперативниот план за имплементирање на Резолуцијата 1325 на ОН-Жени, мир и безбедност.

Спроведе кампања за превенција и заштита на жртвите на родово базирано и семејно насилство по повод 16 денови активизам, со 70 учесници од различни таргет групи во соработка со локалните самоуправи.

Реализирана обука со 17 лица, од кои советници, раководители на сектори и одделенија од општина Пробиштип за интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и продлабочување на знаењата.

Во организација на мисијата на ОБСЕ и поддршка на UN Women, Скопје се реализира обука за општинската администрација од различни сектори за запознавање со родовите концепти, политики и алатки за интегрирање на родовата еднаквост на локално ниво.

Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџет-улогата на ЗЕЛС кон родово одговорни општини, во организација со SALAR Interanional се реализира работилница во рамки на проектот „Услуги за општинско одржливо управување" во кои учество земаа 15 лица од општинската администрација.

Родовата статистика и презентирање на е-алатката за родово разделени податоци се реализира обука со координаторите за еднакви можности на жените и мажите и ИТ лицата.

Претседатели на совет од општини и градоначалници-членови на Лоби групата на ЗЕЛС за родова еднаквост зедоа учество на промовирање на родовите аспекти во работата на единиците на локалната самоуправа во организација на мисијата на ОБСЕ. Со оваа активност беше унапредено знаењето за новите надополнувања на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалната власт, алатките и методологиите за јакнење на родовите аспекти во работата на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), како и промовирање на добри практики за спроведување на родови вредности, применети во европските градови и општини.

**III. ЗАКЛУЧОК:**

Извештајот е составен врз основа на  доставени годишни извештаи за 2023 година за реализација на активностите согласно индивидуалните оперативни планови од задолжените инстититуции и ЗЕЛС до РГ за КМиЕ, со исклучок на Министерството за здравство кое што не достави годишен извештај за 2023 година.

Од изнесеното во овој извештај може да се изведе генерален заклучок дека во текот на 2023 година евидентиран е одреден напредок, пред сѐ во смисла на подигање и зајакнување на родовата свест, подлабоко интегрирање на жените во повеќе сегменти во општеството, градење и зацврстување на капацитетите на институциите низ призмата на родовиот аспект, а со кои тесно се поврзани политиките за поголемо вклучување на жените посебно на лидерските и одлучувачките позиции, но фактичката состојба бара понатамошно и континуирано превземање на конкретни чекори и активности во овој домен.

**IV. ПРЕДИЗВИЦИ:**

-РГ за КМиЕ при МО функционира како Тело за координација, мониторинг и евалуација на Вториот НАП и воедно како Работна група за имплементација на активностите на Вториот НАП за МО, што прилично ја отежнува целокупната работа и подеднаквата функционалност на членовите, иако членовите се трудат со максимални напори да одговорат на овој дополнителен ангажман покрај редовните работни задачи и обврски;
-Потребна е поголема ангажираност на институциите согласно своите надлежности и расположливи капацитети, заради исполнување на дефинираните активности по однос на стратешките цели од Вториот НАП и Агендата за „Жени, мир и безбедност“ на национално ниво;
-Неопходност од постојаност, односно работа во континуитет и поголема ажурност и инволвираност на номинираните лица од секоја институција задолжени за координација, мониторинг и евалуација на Вториот НАП, како и навремено известување за промена на номинираните лица од институциите;
-Потребна е комплетна и навремена достава на извештаи, брифинзи и податоци за спроведените активности до РГ на КМиЕ;
-Подобрување на меѓуресорска координација за понатамошно заедничко планирање на ресурси и активности која би била во насока на постигнување на резултати согласно стратешките цели од оперативните планови.

**V. ПРЕПОРАКИ:**

-Со цел поефикасно постигнување на резултатите од оперативните планови, секоја институција во својот домен да ја почитува предвидената динамика за имплементација на Вториот НАП, посебно во делот на навремено доставување на извештаи, брифинзи и податоци по основ на Вториот НАП;
-Подобрување на комуникацијата и соработката на номинираните лица од институциите со РГ на КМиЕ, во контекст на одржување на истата;
-Институциите да овозможат континуитет на работата на номинираните лица, но воедно и зајакнување на нивните компетенции во оваа област;
-Во наредните извештаи институциите освен што ќе ги прикажуваат спроведените активности изразувајќи ги преку постигнати резултати, потребно е да се земат предвид индикаторите за мерливост и финансиските импликации (сопствен буџет и/или донации)

со цел да се обезбеди подетален годишен извештај, вклучувајќи ги сите елементи во функција на транспарентност и отчетност;
-Креирање на национална база на податоци за експерти од областа, односно Агендата за „Жени, мир и безбедност“- системот за национална безбедност, академската заедница, граѓанско општество и сл., која би била во функција на олеснување на предметните процесите на национално ниво;
-Отворена поддршка за имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност од страна на авторитети на секое ниво и повик за зголемување на учеството на жените во процесите на донесување на одлуки, не само во безбедносниот сектор туку во сите сегменти во општеството.

Изработиле: координаторка и членови на РГ за КМиЕ

**КООРДИНАТОРКА на РГ за КМиЕ**
полковник Антониела Станковска-Будимир

ПРИЛОЗИ:

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени по институции во 2023 година;
Прилог бр.2: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени на раководни позиции по институции во 2023 година;

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени по институции[1] во 2023 година




[1] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.

Прилог бр.2: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени на раководни позиции по институции[2] во 2023 година




[2] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал на позици од командир на чета и повисоко) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.